

Иако вели дека не знае ништо, со Марјан Димитров можете буквално да зборувате на било која тема. Проткаеноста на неговото професионално CV тешко 34 години со информации од речиси сите поважни настани од кавадаречкото секојдневие и илјадниците интервјуа со признати експерти од сите области едноставно му го дозволува тоа, а неговата харизма, начин на зборување и хумор едноставно ќе Ви го продолжи разговорот се до моментот додека не сватите дека предвиденте 30тина минути веќе влегле во четвртиот час. Знаејќи го тоа решивме да поставиме некаква рамка, која се „скрши“ веќе по првите прашања, па текот на разговорот продолжуваше во многу нови, непредвидени насоки кои за нас, а се надеваме и за вас ќе бидат повеќе од интересни, затоа што едноставно не смеете, а да не прочитате за тоа како се снимаа „Епроскоп“ и „Династија на Кавадаречки начин“, за преносите во живо од коледарските огнови, светлите моменти на кавадаречкото новинарство како и за многу други интересни работи...

www.kavadar4e.com: Патувањето низ времето е секогаш интересно, особено кога се враќаме на првите почетоците кои и по толку години останале длабоко врежани во нашите сеќавања. Па Димитров, да го започнеме времепловот, и да се вратиме во времето кога за прв пат влеговте во студио?

Марјан Димитров: Во периодот од 1975 до 1979 година бев диџеј. Додека пуштавме музика практикувавме да зборуваме, да ги најавуваме песните, начин што многу му се допаднал на покојниот Љупчо Лазов од Неготино, кој ми пријде и ме покани да бидам дел од екипата на Радио Кавадарци. Ја прифатив поканата, дојдов во Радио Кавадарци, и направив пробна емисија која се викаше Диско хит. Тоа беше во сега веќе далечната 1979 година. Морам да признаам дека не бев примен многу убаво, особено од техничкиот сектор, затоа што новите луѓе и новите идеи не се примаа со некое особено воодушевување. Ние како дискофили во тоа време, како водители на диско музиката важевме за нови, авангардни носители на музиката, и не сметаа како да сме неморални. Сепак, секое време си има свои „отпадоци“ што всушност се прогресивни носители на новото време, а ние бевме токму тоа, млади кои ги пренесуваа новите работи од западна Европа, односно новата музика. Како и да е, ја направивме таа емисија еднаш, два пати, па тогашната уредничка на радиото, Фруска Костадиновска го поддржа целиот проект,

рече дека сум го положил првиот дел од испитот, односно говорниот дел и водењето на програмата, и така почнав постојано да ја водам емисијата Диско хитс. Во 1980 година радио Кавадарци распиша оглас за прием на новинар, на кој јас се јавив. Веќе имав искуство како се зборува на микрофон, и слушајќи ги моите колеги Маријана Пешиќ, Фруска Костадиновска научив како се пишуваат новинарски текстови. Учев доста брзо, бидејќи штосот во новинарскиот занает е да ги слушаш постарите колеги, бидејќи не измислуваш ништо ново, туку мораш само да го научиш основното клише, и потоа е лесно. Така почнав да работам како спикер-новинар во радио Кавадарци.

www.kavadar4e.com: Колку беше тешко да се најде музика?

Марјан Димитров: Беше ужасно тешко да се најде нова музика. Единствената музика што можеше да ја најдиш беше да купиш плоча од Југотон, тоа е продавница во Градски трговски центар во Скопје која сеуште постои, и тоа по долго чекање. Јас и мојот колега Селадин Исмаилов кој сега е успешен пекар, чекавме на ред за да ги земиме плочите и да ги пуштаме. Но, тоа беа малку постари песни, а што со новите. Нив ги слушавме на радио Луксембург, радио Белград, и на некои други радио станици, а музиката ја снимавме на еден специјален касетофон кој го купивме, бидејќи и касетите беа новини. На касетофонот ги снимавме најновите песни, најмногу диско фанк музиката која беше најпопуларна, и бампот кој исто така беше еден од помодерните стилови на музика. Така ја носевме музиката тука, малку ќе ја измиксавме, колку што ни дозволуваа тогаш условите, т.е. техничките помагала, и ја пуштавме во диско.

www.kavadar4e.com: Кажи ни колку се разликуваа тогашните излегувања со тоа што се случува денес?

Марјан Димитров: Дури не можеш да повеоуваш, и од сегашна гледна точка е и научна фантастика како тогаш била „шемата“ на младите. Се излегуваше во 19 часот, а во 22 .30 часот во Кавадарци немаше ни еден човек. Ако имаше по некој, тоа беа некои кои одеа на серенада. Значи животот почнуваше во 19, диското почнуваше во 19, а завршуваше во 22 и 10. Во 22 и 10 мораше да се изгасе музиката и градот беше штама. Во тоа време колегата Љупчо Бубо Каров кој тогаш работеше исто во радио Кавадарци имаше проблем со тогашната полиција, бидејќи тој и неговото друштво се собираа на градскиот плоштад, па ќе дојдеа органите на редот и им велеа да си одат дома. Па така, нив

бидејки не им се одеше дома, си одеа на серенади до сабајле. Имаше од сегашна гледана точка многу чудни работи, кои тогаш беа нормални, но како и да е, тоа беа времиња во кои таа „шема“ завршуваше доста рано.

www.kavadar4e.com: Која е најинтересна случка од тој диџејски живот?

Марјан Димитров: Најголемиот ќеиф од диџејскиот живот беше кога таму во сегашниот музеј, или младински дом, пред тоа официрски, сега е музеј, и место каде што најверојатно ќе бидат сместени невладините организации, се собираа во просек по 1.000 а некогаш и над 2000 луѓе, односно место каде буквално цел град се симнуваше, и не заради тоа што беше нешто посебено, туку затоа што тоа место имаше некој посебен шмек, некој посебен дух, да влезиш да видиш што има, да си ги видиш своите пријатели, кои луѓе се таму, да ја слушниш својата омилена музика. Второ, младински дом имаше можност да ти пружи се што сакаш. Имаше непријатни и пријатни моменти. Пред се имаше една серија на непријатни моменти со комшиите, бидејќи им сметаше музиката, затоа што младинскиот дом се наоѓа во урбан дел на градот. Така да, една вечер професорот Пецов кој порано има работено како диџеј дојде, и score неможејќи да ја издрже сета таа „бука“ бидејќи ни зборуваме на микрофоните и пуштаме гласна музика, со чаша ги скрши два грамофона, и рече да не пуштаме гласна музика. Ја намаливме музиката, но по некое време пак почнавме да пуштаме гласна музика. Тоа беше една епизода која ми беше малку чудна, но потоа се сретнавме со професорот Пецов, ги изгладивме односите , и ние го прифативме тоа бидејќи имал сериозна причина зошто изреагирал така.

www.kavadar4e.com: Која е музиката, песните, бендовите, пеачите кои оставија белег кај Марјан Димитров?

Марјан Димитров: Па има многу, но од оние на кои сега се сеќавам сигурно се Глорија Гејнор, Би Џиз, Бони М, ШИК, Систер Слеџ, Ганс енд Роузис, Дона Самер, Џон Мајлс и други.



[illegible]